## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ- ПРАКТИКУМ „ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН” ОД ДОЦ. Д-Р КАТЕРИНА ДЕСПОТ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлука бр. 2202-165/11 од 7. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 21.5.2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– доцент д-р Петар Намичев од Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
– вонреден проф. Тони Васиќ на Факултет за архитектура и дизајн при Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје,

за изготвување на извештај – рецензија на приложениот практикум „Индустриски дизајн” од доц. д-р Катерина Деспот, наменет за студенти на прв циклус студии на Факултет за природни и технички науки при Универзитет “Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот за практикумот, Комисијата од наставно– научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот - практикум:** Насловот на ракописот практикум е **„ИНДУСТРИСКИ ДИЗАЈН - практикум”**, а предметот е со наслов Индустриски дизајн и се слуша во VI семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 3+2+2. Материјалот кој е опфатен во ракописот- практикум е во согласност со Наставната програма по предметот Индустриски дизајн и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 85 страници во А4 формат со нормален проред и содржи 116 слики. Обемот на ракописот практикум по содржина ги задоволува критериумите според бројот на вежби и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис практикум со ист или сличен наслов досега е објавен.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во трудот опфаќа 12 вежби каде што се опфатени процес дизајнирање на производ.

Учебникот – практикум содржи материјал првенствено на студентите по архитектура и уметност, кои за време на вежбите е потребно да користат одредени податоци и цртежи, за да ја совладаат полесно предвидената материја со наставната програма.

Во рамките на овој практикум е разработен дизајнот на производи кои имаат примена во дизајнот на ентериери и пејзажниот дизајн. Земени се сите активности што се потребни за надополнување на ентериерот и екстериерот, но се разгледуваат и други производи во индустрискиот дизајн кои имаат сосема други специфични активности.

Со овој практикум сакаме да покажеме и на сите елементи од дизајнот кој треба да разбудат задоволство кај крајниот корисник на производот.

Индустрискиот дизајнер има двојна примена. Тој служи за да ја задоволи потребата од убавото и корисното. По својата суштина и по својата форма, со која се презентира во јавноста, тој се наоѓа на половина пат помеѓу пронајдокот и чистата уметност. Затоа постои правна заштита за индустрискиот дизајн, тој се наоѓа на средината помеѓу иновативноста и авторското право.

Индустрискиот дизајн може значително да се преклопува со инженерскиот дизајн. Во различни земји границите на двата концепта можат да варираат, но генерално инженерниот дизајн се фокусира на функционалноста или употребата на продуктите, а индустрискиот дизајн се фокусира на естетиката и аспектите на поврзаноста на продуктот со корисникот.

Во продолжението на презентацијата на материјалот се опфатени многубројни слики, дизајнери и стилови кои придонесуваат кон подобра разработка на индустриски производи. Опфатен е процесот на дизајнирање од анализа до завршен продукт.

На овој начин на корисникот на овој труд му се дава општ преглед за секоја фаза од разработката за еден продукт.

Материјалот при презентацијата, иако обемен, е селектиран во рамките на капацитетот и наставната програма на учебникот за овој предмет.

На крајот од ракописот, авторката наведува 26 наслови на литература и веб-страници од интернет кои се користени при пишувањето на ракописот.

## ЗАКЛУЧОК

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот практикум со наслов **„Индустриски дизајн - практикум”,** пријавен од авторката **доц. д-р Катерина Деспот,** е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување и ќе им биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да го прифати рецензираниот ракопис практикум со наслов „Индустриски дизајн - практикум”, пријавен од авторот доц. д-р Катерина Деспот и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензиран практикум, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип негово соодветно издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Петар Намичев, доцент, с.р.**
**Тони Васиќ, вонреден професор, с.р.**